# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

**(Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.61 од 17.04.2015 година)**

**Член 1**

Во Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост (“Службен весник на Република Македонија” број 87/13, 106/13 и 137/13), во членот 6 став (2) зборовите: “за наредната година“ се бришат.

**Член 2**

(1) Министерството подготвува и предлага програма за 2015 година и ја доставува на усвојување до Владата на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Јавниот увид за предлог - програмата од ставот (1) на овој член е во траење од 10 дена.

(3) Заинтересираните лица може да дадат предлози, приговори и иницијативи за предлог - програмата од ставот (1) на овој член, најдоцна во рок од пет дена по завршувањето на јавниот увид, кои министерството ги разгледува во рок од три дена од денот на приемот.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.